НАСТАВНА
ПРОГРАМА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено: 14.01.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/52 | | |

11-

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА
## за заедниците

II ГОДИНА

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ДВЕГОДИШНО ТРАЕЊЕ

Скопје, јуни 2013 година

## I. ВОВЕД

**Назив на наставниот предмет:** македонски јазик и македонска литература за заедниците

**Вид на средно образование:** стручно

**Година на изучување на наставниот предмет:** втора година двегодишно образование

**Број на часови на наставниот предмет**

- Број на часови неделно: 2 часа
- Број на часови годишно: 72 часа

**Статус на наставниот предмет:** задолжителен

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ (од I до II година)

Ученикот/ученичката:

- да ги продлабочува знаењата за македонскиот стандарден јазик како основно средство за комуникација;

- да се оспособува за самостојно усно и писмено изразување, за разбирање, доживување и толкување на литературните и на другите текстови;
- да ги развива и да ги мотивира индивидуалните способности за самостојно критичко и творечко комуницирање со литературен текст;
- да ја развива и да ја зацврстува свеста за значењето на македонскиот литературен јазик како службен јазик во Република Македонија;
- да развива и да усвојува способности и вештини во комуникацијата, во правец на меѓусебното почитување и разбирање на луѓето и народите како и нивните литературни, културни и научни придобивки и вредности;
- да се оспособува за негување, развивање и збогатување на македонскиот стандарден јазик со нова лексика и тоа со функционални зборови и изрази и за нивна примена во сите животни ситуации;
- да ги запознава и да ги усвојува основите, системот, јазичните законитости и нормите на македонскиот литературен јазик, правоговорот и правописот и да стекнува навики за нивна примена во усното и писменото изразување;
- да ги вербализира своите мисли, чувства, доживувања, желби, барања, стремежи во усна и писмена форма.

## III. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ГОДИНА

Ученикот/ученичката:

- да го објасни предметот на проучување на морфологијата;

- да може да ги категоризира зборовите во зборовните групи;
- да ја знае функцијата на зборовите од морфолошки аспект;
- да ги разликува одделните видови на зборови и да ја знае нивната функција во реченицата;
- да ги разликува формите на глаголот по состав, време, начин;
- да може да ги примени стекнатите знаења од морфологијата во усното и писменото изразување;
- да се здобие со знаења за македонската литература во периодот од крајот на 19 век и почетокот на 20 век , македонската литература меѓу двете светски војни, повоената македонска литератураи современа македонска литература;
- да се оспособува за доживување и за разбирање на литературата како уметност на зборот и да се запознае со нејзините родови и видови;
- да ги проширува основните елементи на литературниот израз.

## IV. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Програмско подрачје: ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Морфологија<br><br>Ученикот/ученичката: | Морфологија - поим<br>Поим за морфема | Морфема | Вежби за воочување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| а ја дефинира морфологијата како дел науката за јазикот;<br>а ја препознава морфемата во зборови;<br>а ги класифицира зборовите; | Зборовни групи | | морфемата во зборот.<br>Вежби преку кои ќе можат да ги идентификуваат и класифицираат зборовите (именки, придавки,броеви... неменливи, менливи зборови. |
| ,а го дефинира поимот именка и неговото ачење;<br>а ги именува именките според видот;<br>а ги разликува видовите именки и тегориите кај именките (род, број, ределеност);<br>,а ги препознава различните видови ıожина кај именките | Именки<br>Граматички категории кај именките: род, број, определеност | Видови именки, видови множина, Род, број и определеност | Вежби за определување на именките.<br>Функционални вежби за определување на граматички категории |
| и препознава придавките и нивните аматички категории | Придавки<br>Описни<br>Односни<br>Граматички категории :род, број, определеност, степен | Описни, односни, степенување кај придавките | Вежби за употреба и разликување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - ги препознава и именува различните видови придавки (описни, односни)<br>- ги разликува категориите кај придавките (род, број, определеност и степен) | | | видовите придавки.<br>Вежби за степенувањена придавките.<br>Вежби за препознавање на граматичките категории. |
| - да ги разликува броевите од другите видови зборови;<br>- да ги разликува категориите на броевите;<br>-да ги класифицира и објаснува формите за определена и приближна бројност; | Броеви<br>Граматички категории | Броеви со определена и приближна бројност | Вежби: текстови преку кои ќе се воочат броевите со определена и приближна бројност. |
| - да ги разликува заменките од другите видови зборови;<br>- да ги класифицира заменките според граматичките категории; | Заменки<br>Лични заменки | Лични заменки | Табеларен приказ на личните |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да го дефинира поимот глагол;<br>- да ги класифицира глаголите според граматичките категории;<br>- ги споредува глаголите според видот;<br>- ги применува глаголите во текст; | Глаголи<br>Граматички категории кај глаголите: време, начин, лице, вид, преодност | Глагол<br>Граматички категории кај глаголот | заменки со нивна практична примена.<br>Вежби за препознавање на заменките<br><br>Вежби: реченици преку кои се согледуваат, определуваат граматичките категории: време, начин, лице, вид. |
| - да ја разликува простата и сложената глаголска форма;<br>- да го објаснува формирањето на глаголското време сегашно, минато, идно; | Форми на глаголот:прости и сложени<br>Сегашно време<br>Минато време<br>Идно време | Прости и сложени глаголски форми<br>Сегашно време<br>Минато време<br>Идно време | Вежби за образување на сегашно, идно и минато време<br>Вежби со текстови во кои ќе ги определува изучените времиња. |
| - да ги опишува особеностите на неличните | Нелични глаголски форми:<br>Глаголска л-форма<br>глаголска придавка<br>глаголска именка | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| глаголски форми (граматичките категории и нивните одлики);<br>- да ги образува неличните глаголски форми;<br>- да ги разликува неличните глаголски форми;<br><br>- да ги разликува прилозите од другите видови зборови;<br>- да ги класифицира прилозите според видот;<br>- да ја сфаќа нивната функција во реченицата.<br><br>Синтакса | глаголски прилог<br><br>Прилози<br>Прилози за време<br>прилози за место<br>прилози за начин<br>прилози за количество и степен<br><br>Синтакса | Глаголска л-форма<br>Глаголска придавка<br>Глаголска именка<br>Глаголски прилог<br><br>Прилози за време, прилози за место, прилози за начин и прилози за количество и степен<br><br>Наука за речениците | Вежби за препознавање и образување на неличните глаголски форми.<br><br>Вежби за поделба на прилозите со потенцирање на разликата на прилогот и придавката.<br>Вежби со текстови во кои ќе се откриваат и класифицираат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја дефинира синтаксата како наука за речениците;<br>- да го објаснува значењето на реченицата како централна синтаксичка единица;<br><br>- да ја дефинира реченицата како основна синтаксичка единица;<br>-да го препознава подметот во реченицата;<br>- да го определува прирокот во реченицата;<br>- да го определува предметот во реченицата.<br><br>- да прави разлика меѓу простата и сложената реченица;<br>- да ги класифицира прилошките определби и видовите. | Поим за реченица<br>Подмет<br>Прирок<br>Предмет<br><br>Проста и сложена реченица<br>Прилошки определби | Основна единица во синтаксата<br>Подмет<br>Прирок<br>Предмет<br><br>Проста раченица<br>Сложена реченица<br>Прилошки определби за место, време, начин, количество и степен | прилозите.<br><br>Вежби за структурата на реченицата.<br><br>Вежби за препознавање на подметот во реченици,<br>Вежби во кои ќе се утврдува прирокот во реченицата,<br>Вежби за определување на глаголскиот и именскиот прирок.<br><br>Вежби за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Практично-професионална комуникација<br><br>-да ги набројува одликите на писмените текстови;<br>- да ја знае нивната примена во секојдневието;<br>-да ги споредува писмените текстови од практично-професионалната комуникација;<br>- да прави разлика меѓу соопштение и вест;<br>-да ги применува правописните правила и стандардниот македонски јазик. | Практично-професионална комуникација<br><br>Вест<br>Соопштение<br>Покана | Вест<br>Соопштение<br>Покана | утврдување на видот на реченица.<br>Вежби за составување и определување на одделни видови прости реченици во сложени.<br>Вежби за утврдување на прилошките определби во реченицита (за место, време, начин, количество и степен),<br><br>Вежби за самостојна изработка на известување.<br>Вежби за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | составување на вест, натпревар за најинтересна вест.<br><br>Вежби за составување на соопштение и меѓусебно споредување на истото. |

| Програмско подрачје: ЛИТЕРАТУРА (36 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Македонската литература кон крајот на XIX век и почетокот на XX век: појава, одлики, претставници (4 часа)<br><br>-да ги набројува белезите на македонската литература при крајот на XIX век и почетокот на XX век; | Македонската литература кон крајот на 19 век и почетокот на 20 век: појава, одлики, претставници | Развиток на македонската литература | Електронска презентација за Македонската литература кон крајот на 19 и почетокот на 20 век.<br>Разговор за условите и за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | состојбата на македонската литература при крајот на 19 и почетокот на 20 век. |
| - да ги набројува основните био-библиографски податоци за Војдан Чернодрински;<br><br>- да ја анализира драмата „Македонска крвава свадба“ низ ликовите со акцент на насилството и патриотизмот. | Војдан Чернодрински: живот и творештво „Македонска крвава свадба“ | Прв македонски театар, прва македонска драма | Дијалошки метод за био-библиографските податоци за Војдан Чернодрински и за драмата „Македонска крвава свадба“. Дискусија за насилството и патриотизмот во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | минатото и денес. |
| Македонската литература меѓу двете светски војни: појава, одлики, претставници ( 6 часа)<br><br>- да ги набројува белезите на македонската литература меѓу двете светски војни;<br>- да ги именува претставниците на македонската литература меѓу двете светски војни; | Македонската литература меѓу двете светски војни: појава, одлики, претставници | | Електронска презентација, подготвена од учениците, работа во групи, за македонската литература меѓу двете светски војни.<br>Дијалошки метод за општествено – политичките услови во кои се наоѓа Македонија во периодот меѓу двете светски војни и карактеристиките на македонската литература. |
| -да ги набројува основните био- | Васил Иљоски : живот и творештво „Чорбаџи Теодос“ | Битова драма | Преку разговор разгледување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| библиографски податоци за Васил Иљоски;<br>-да ја анализира драмата „Чорбаџи Теодос“, низ патријахалните и битовите елементи;<br><br>- да ги набројува основните био-библиографски податоци за Кочо Рацин;<br>- да ги анализира песните од Кочо Рацин, со акцент на социјалните и револуционерните карактеристики во „Копачите“. | Кочо Рацин: живот и творештво<br>„Бели мугри“ („Денови“, „Татунчо“, „Копачите“) | Социјална поезија | истите.<br><br>Дијалошки метод за био-библиографските податоци за Васил Иљоски.<br>Дискусија за патријархализмот во македонското семејство во минатото и денес.<br><br>Дијалошки метод за био-библиографските податоци за Кочо Рацин.<br>Интерпретативно читање на песните „Денови“, „Татунчо“ и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | „Копачите".<br><br>Дијалошки метод за социјалните мотиви во поезија на Рацин и за револуционернит е мотиви во песната „Копачите". Дискусија за состојбата и правата на работниците во минатото и денес. |
| Повоена македонска литература : појава, одлики, претставници<br>(4 часа)<br><br>-да ги набројува белезите на македонската литература по Втората светска војна; | Повоена македонска литература : појава, одлики, претставници | Развој на македонската литература | Електронска презентација од учениците за Повоената македонска литература Разговор за појавата, одликите и претставниците |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да набројува основни био-библиографски податоци за Стале Попов;<br>-да го анализира романот„ Крпен живот“ низ ликовите со задржување на битовите елементи во романот. | Стале Попов: живот и творештво<br>„ Крпен живот“ | Битов роман, приказна, раскажувач, лик | Дијалошки метод за био-библиографските податоци за Стале Попов и впечатоци од прочитаното дело. Текстовен метод-читање на одбрани фрагменти од делото преку кои се согледуваат битовите елементи во романот. Дискусија за стереотипите и предрасудите кон новото и различното во минатото и денес. |
| Современа македонска литература: одлики и претставници (12 часа) | Современа македонска литература: одлики и претставници | | Електронска презентација за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги набројува белезите на современата македонска литература; | | | современата македонска литература со табеларен приказ на хронологијата на современата македонска литература. |
| - да набројува основни био-библиографски податоци за Петре М. Андреевски;<br>-да го анализира романот„ Пиреј“ низ ликовите на Велика и Јон; | Петре М. Андреевски: живот и творештво „Пиреј“ | Уснопоетички историски роман, рамковна приказна, вримена приказна, фабула-сиже | Интерпретативно читање на фрагменти од романот со фокус врз модернистичките постапки. Дискусија за војната доживеана низ ликот на Велика и ликот на Јон. |
| - да набројува основни био-библиографски податоци за Блаже Конески; | Блаже Конески : живот и творештво Поезија („Тешкото“, „Везилка“, „Одземање на силата“) | Интимна лирика, книжевна | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -ги анализира песните низ мотивите, лирските белези, стилските фигури<br><br>-набројува основни био-библиографски податоци за Коле Чашуле<br>-ја интерпретира драмата „Црнила“ низ ликовите  и чинот на предавството | Коле Чашуле: живот и творештво „Црнила“ | традиција<br><br>Драма, драмско дејство, драмски лик, драмски конфликт, дијалог | Интерпретативно читање на песните, откривање на лирските елементи. Дискусија за мотивите на песните. Дискусија за тешкото минатото на македонскиот народ.<br><br>Интерпретативно читање на фрагменти од драмата со фокус врз елементите на драмската структура. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Дискусија за чинот на предавството и патриотизмот во минатото и денес. |

Лектири:

1. Драги Михајловски „Скок со стап“ (избор)
2. Современа македонска поезија –избор

## V. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Покрај основните традиционални методи, ќе се применуваат и методите на активно учење преку кои ќе се развива свеста и желбата за континуирано учење.
По дадените информации за определена содржина, наставникот со примена на современи наставни техники, од учениците ќе бара истите да ги толкува со примена на формите на усно и писмено изразување и притоа ќе реконструираат, истражуваат, анализираат, синтетизираат и практично ќе ги применуваат здобиените знаења. Прашањата кои ги поставува наставникот треба да бидат насочени и во функција на поттикнување на различни видови мислења и ставови со различна сложеност. Во добиените одговори од ученикот, наставникот нема да бара само препознавање и репродукција на меморираното, туку ќе бара искажување најразлични судови, мислења и откривање на заемните врски меѓу идеите, фактите и нивните вредности. Активностите и улогата на ученикот и на наставникот меѓусебно се кординираат во текот на процесот на учењето. Покрај

основните традиционални методи ќе се применуваат и методите за активно учење и критичкото размислување со што ќе се развива свеста и желбата за континуирано учење.
По давањето на информациите за определена содржина, со примена на современа наставна технологија, од учениците ќе се бара истите да ги толкуваат со примена на формите за усно и писмено изразување и притоа ќе реконструираат, анализираат и синтетизираат и практично да ги применуваат стекнатите знаења. Прашањата секогаш ќе бидат во функција на поттикнување и на различни видови мислења и на ставови со различна сложеност, искажување најразлични мислења, ставови, идеи, факти и други вредности.

## VI. СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Согласно Блумовата таксономија воспоставени се стандарди за оценување според кои се распоредени програмските подрачја и содржините. Во трета година учениците во програмското подрачје јазик ги усвојуваат и обработуваат содржините: Историја на македонскиот јазик; Морфологија; Синтакса; Професионална комуникација.Од програмското подрачје литература ги усвојуваат и го обработуваат содржините: Македонската литература при крајот на 19 век и почетокот на 20 век, Македонската литература меѓу двете светски војни, Повоена македонска литература и Современа македонска литература.

| Наставно подрачје/ содржини | Ниво на постигање | Стандард |
|---|---|---|
| Литература<br><br>Македонската литература на крајот од 19 и почетокот на | Помнење | Набројува специфики на македонската литература на крајот на 19 и почетокот на 20 век<br>знае основни био-библиографски податоци за Чернодрински;<br>репродуцира услови за појава на македонската литература меѓу двете светски војни<br>ги репродуцира белезите на македонската литература меѓу двете светски војни;<br>набројува био-библиографски податоци за Иљоски,Рацин;<br>знае основни био-библиографски податоци за П.М.Андреевски, Б.Конески,К.Чашуле. |

| | | |
|---|---|---|
| 20 век<br><br>Македонската литература меѓу двете светски војни<br><br>Повоена македонска литература<br><br>Современа македонска литература | Разбирање | Толкува присуство на фолклорот во македонската литература на крајот на 19 и почеток на 20 век.<br>поврзува карактеристики кај претставниците на македонската литература меѓу двете светски војни;<br>толкува специфики на македонската литература по Втората светска војна. |
| | Применување | драматизира книжевни целини и ликови од различни дела;<br>илустрира карактеристични ликови од дела на автори од различни периоди и правци во литературата;<br>применува теоретски знаења од литературата на конкретни примери. |
| | Анализа<br>Синтеза<br>Вреднување | споредува белези на различни правци во литературата во различни по жанр дела;<br>анализира дело од Чернодрински;<br>анализира дела од Иљоски, Рацин;<br>анализира дела од С. Попов, Блаже Конески;<br>анализира дело на П.М.Андреевски, К.Чашуле, Д.Михајловски;<br>разграничува структурни делови во дадено книжевно дело. |

| **Наставно подрачје/ содржини** | **ниво на постигање** | **Стандард** |
|---|---|---|
| Јазик<br><br>Морфологија | Помнење | Именува видови придавки;<br>наведува белези на заменки;<br>препознава различни глаголски форми (лични и нелични);<br>покажува честици , извици и модални зборови во различни јазични писмени и усни искази;<br>дефинира синаткса како научна дисциплина;<br>дефинира реченица како синтаксички поим;<br>препознава видови прирок во реченица;<br>именува сложена реченица;<br>препознава видови сложени (зависни и независни) реченици. |

| | | |
|---|---|---|
| Синтакса<br><br>Практична – професионална комуникација | Разбирање | Опишува елементи на морфологијата;<br>толкува служба на именките во реченица;<br>индетификува прости и сложени глаголски форми;<br>разликува прилози и предлози во јазичен исказ;<br>ојаснува сврзници и сврзувачки зборови;<br>толкува именска група на зборови и синтагма;<br>објаснува граматичка структура на реченица;<br>го опишува есејот како форма на изразување;<br>поврзува битни елементи на масовните медиуми;<br>објаснува функција на реклама. |
| | Применување | Применува различни граматички категории на именката, придавката, броевите, заменките;<br>категоризира прости и сложени глаголски форми според глаголско време;<br>правилно употребува прилози и предлози во реченица;<br>применува соодветни зборови во согласност со стилот на изразување;<br>применува утврдени форми за професионална комуникација;<br>писмено и усно употребува усогласеност на подмет и прирок во реченица;<br>користи различни видови реченици;<br>употребува прилошки определби во реченица;<br>правилно ги применува сврзниците во видовите сложени реченици;<br>пишува различни форми на писмено изразување. |
| | Анализа<br>Синтеза<br>Вреднување | разликува видови подмет;<br>извлекува второстепени реченични членови;<br>разликува видови сврзници во видови сложени реченици; |

## VII. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување. Согласно природата на програмата по предметот македонски јазик и литература оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма, со презентација на соодветни проектни задачи, трудови, и слично.

Усниот инструмент се состои од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, презентации, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови.

Пишуваниот инструмент ќе претпочита писмени работи, писмени вежби, објективни тестови на знаења, тестови на способности.

Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината.

За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително се организира додатна настава.

За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.

Ученикот се оценува со бројчана оценка.

## VIII. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставата се организира во училница или во кабинет а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализацијата (институции на културата, научни институции, библиотеки, кинотеки, медиотеки итн.).

## IX. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Студиски групи на Филолошкиот факултет

- Македонски јазик и јужнословенски книжевности – наставна насока
- Македонски јазик и книжевност – наставна насока
- Општа и компаративна книжевност

## X. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: *1.09.2013 година*

## Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Наставната програма по предметот македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници за II година на средното стручно образование со двегодишно траење, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-6461/1
08-04-2014 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР,
Спиро Ристовски

Изготвил: работна група со решение бр.02-638/1 од 22.04.2013 год., координатор Мите Стефановски
Контролирал: Трајче Георгиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор
Директор: м-р Весна Хорватовиќ